РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-134/5
19.03.2025 година
С К О П Ј Е

# ЗАПИСНИК

## од двесте триеста седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 25 февруари 2025 година

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ“ бр.129/2023 и 53/2024), на 25 февруари 2025 година, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте и триесетата седница на Управниот одбор на Академијата на која присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на Основен граѓански суд Скопје, претседател на УО, Спасенка Андонова, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Скопје, заменик претседател на УО, јавен обвинител Душица Димитриеска, претседател на Совет на јавните обвинители на РСМ и член на УО, Беса Адеми, претседател на Врховен суд на РСМ, член на УО, м-р Башким Бесими, член на Совет на јавни обвинители на РСМ, член на Управен одбор, м-р Антоанета Димовска, член на Судски совет на РСМ и член на УО, Златко Биковски, јавен обвинител во Јавното обвинителство на РСМ, член на УО, д-р Али Алиу, судија на Апелационен суд Гостивар, член на УО – вклучен преку ЗООМ платформата и Радица Лазареска Геровска, кабинетски службеник за правна поддршка на министерот за правда на РСМ, член на УО.

На седницата, присуствуваше и директорот на Академијата, јавен обвинител Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас, како и претставник од медиумите од телевизија Телма.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија, го констатираше присуството на членовите на Управниот одбор во полн состав и директорот на Академијата, го прочита предложениот дневен ред за седницата и отвори дискусија по однос на истиот:

1. Усвојување на Записник од 229-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Усвојување на Завршната сметка на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје, за 2024 година;

3. Донесување на Годишен финансиски план на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје, за 2025 година;
4. Донесување на Статутарна одлука за измени и дополнување на Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители;
5. Утврдување мандат на заменик член на Управниот одбор на Академијата;
6. Барање за престанок на мандат на заменик член на Управниот одбор на Академијата;
7. Информација во врска со јавниот оглас за прием на IX генерација слушатели на почетна обука;
8. Разно.

За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски и истиот му беше доделен. Обвинителот Биковски даде предлог, со оглед на интересот на јавноста да се направи преместување на точките во дневниот ред, такашто точката 7 ќе стане точка 2, а точката 4 ќе стане точка 3, додека останатите точки да се поместат надолу по нивниот редослед. Претседателот на Управниот одбор го стави на гласање предлогот на јавниот обвинител Златко Биковски и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите присутни членови на УО. Така, усвоениот дневен ред на седницата беше следниот:

1. Усвојување на Записник од 229-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Информација во врска со јавниот оглас за прием на IX генерација слушатели на почетна обука;
3. Донесување на Статутарна одлука за измени и дополнување на Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители;
4. Усвојување на Завршната сметка на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје, за 2024 година;
5. Донесување на Годишен финансиски план на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје, за 2025 година;
6. Утврдување мандат на заменик член на Управниот одбор на Академијата;
7. Барање за престанок на мандат на заменик член на Управниот одбор на Академијата;
8. Разно.

Се пристапи кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - Усвојување на Записникот од 229-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, но со оглед на тоа дека немаше пријавени за збор, Записникот од 229-та седница на УО беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен, со исклучок на претседателката на Врховниот суд на РСМ, Беса Адеми, која не гласаше по однос на истиот со оглед на тоа дека не беше присутна на 229-та седница на УО.

Се премина кон **втората точка** на дневен ред - информација во врска со јавниот оглас за прием на IX генерација слушатели на почетна обука. Претседателот даде збор на директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски да даде вовед по однос на оваа точка. Директорката на Академијата укажа дека во прилог на оваа точка се доставени материјали, по што ги наброја сите доставени материјали во врска со оваа точка на дневен ред, меѓу кои и финансиските согласности за обезбедени финансиски средства за 2023, 2024 година, додека за 2025 година укажа дека сеуште нема обезбедено финансиска согласност за прием на 130 лица во почетна обука. Директорката на Академијата укажа дека согласно членот 11 од ЗАСЈО, Управниот одбор е надлежен да одлучува за почетокот како и на продолжувањето на полагањето на оваа генерација. Исто така, предочи дека се знае каква е состојбата со потребата од пополнување на слободните судиски и јавнообвинителски места во нашата држава, па во таа насока доколку членовите на Управниот одбор сметаат дека треба да донесат одлука по однос на ова прашање или доколку сметаат дека Академијата треба да се достави до нив други дополнилни информации, за истото да укажат.

За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски, кој го изнесе својот став дека имајќи предвид дека сега сме фискална 2025 година, а обезбедените финансиски согласности се однесуваат на 2023 односно 2024 година, од релевантно значење е да се има обезбедено финансиска согласност за тековната фискална 2025 година од Министерството за финансии на РСМ, заради што смета дека треба Управниот одбор да донесе заклучок со кој ќе ја задолжи Академијата да се обрати до Министерството за финансии со цел добивање информација за обезбедени финансиски средства за 2025 година, па дури по добивање на одговорот по однос на истото би се пристапило кон правниот преглед на ова мошне значајно прашање.

За збор се јави претседателката на Врховниот суд на РСМ, Беса Адеми, која истакна дека со оглед на тоа дека дневниот ред е усвоен, а предметната точка гласи Информација во врска со јавниот оглас за прием на IX генерација слушатели на почетна обука, смета дека нема простор за донесување било каков заклучок имајќи ја во предвид формулацијата на точката на дневниот ред. Истакна дека се согласува дека е потребна Одлука од Министерството за финансии на РСМ за обезбедени финансиски средства, но имајќи ја предвид формулираноста на точката на дневен ред, смета дека истата е исцрпена со опсежната презентација на информацијата од страна на директорката на Академијата. Посочи дека доколку се донесува било каква одлука по однос на ова прашање, смета дека би требало точката соодветно да гласи расправа, донесување одлука и слично.

Збор побара јавниот обвинител Златко Биковски, кој го искажа својот став дека се на исто мислење со претседателката на Врховниот суд и токму затоа смета дека нема услови за отварање на ова прашање и расправа по однос на истото, се

додека не се добие информација околу обезбеденоста на финансиските средства за оваа намена.

За збор се јави членот на ССРСМ, Антоанета Димовска, која истакна дека се согласува со тоа дека денешната точка се однесува на информирање, а заклучокот за задолжување на Академијата за обраќање до Министертсвото за финансии на РСМ е во насока на обезбедување дополнителни информации по однос на истото прашање.

Следен за збор се јави јавниот обвинител Башким Бесими, кој истакна дека во рамки на оваа точка треба да се задолжи Академијата да се обрати до Министерството за финансии, во интерес на времето, а по добивањето на одговорот од Министерството за финансии, дополнително ќе биде разгледана содржината на оваа точка, формулирана на соодветен начин.

Претседателот го стави на гласање предлогот да се донесе заклучок со кој ќе се задолжи директорката да се обрати до СБС и МФ со барање информација за обезбедени финансиски средства за 2025 година за 9-та генерација почетна обука во Академијата. Сите присутни членови со физичко присуство гласаа ЗА предлогот (8 гласови), во кој момент се случи технички проблем со конекцијата на членот на Управниот одбор кој беше присутен преку ЗООМ платформата. Претседателот на Управниот одбор укажа дека постои прекин на конекцијата и повика техничка помош од вработен во Академијата, по што беше донесен следниот:

**ЗАКЛУЧОК:** Се задолжува Академијата за судии и јавни обвинители да се обрати до Судскиот буџетски совет и Министерството за финансии на РСМ со барање информација за обезбедени финансиски средства за 2025 година за 9-та генерација почетна обука во Академијата.

Се премина кон **третата точка** на дневен ред - донесување на Статутарна одлука за измени и дополнување на Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор истакна дека материјалите се благовремено доставени до сите членови на Управниот одбор, по што отвори дискусија по однос на оваа точка.

За збор се јави јавниот обвинител Спасенка Андонова, која укажа дека имајќи во превдид дека станува збор за опсежна промена на Статутот како и суштинското значење на овој акт за Академијата, смета дека за оваа точка на дневен ред треба да биде закажана специјална седница или по потреба и повеќе седници на Управниот одбор, на која/и разгледувањето на измените и дополнувањата во Статутот на Академијата би биле единствена точка на дневен ред, на кој што начин единствено би можело да се посвети доволно и солидно внимание колку што и овој акт заслужува да му биде посветено.

Следна за збор се јави претседателката на Врховниот суд на РСМ, судија Беса Адеми, која постави прашање по чија иницијатива се изготвени предлог измените и дополнувањата на Статутот, на што директорката на Академијата одговори дека истите се подготвени од страна на стручната служба на Академијата. Претседателката на Врховниот суд на РСМ укажа дека смета дека за подготовка на предлог измените и дополнувањата на Статутот на Академијата треба да се формира работна група од редот на членовите на Управниот одбор, како и дека го има разгледано целиот документ по однос на кој има големи забелешки, укажувања и нејаснотии, а се во насока на подобрување на работата на Управниот одбор.

Следен за збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски кој го искажа своето размислување дека денешно предложениот текст на Измените и дополнувања на Статутот на Академијата е првична – draft верзија на која членовите на Управниот одбор треба да ги дадат своите забелешки. Укажа дека се согласува со укажувањата на судијата Антоанета и претседателката на ВСРСМ, судија Адеми. Дополнително, обвинителот Биковски истакна дека можеби ќе подобро при разгледувањето на предлог измените и дополнувањата на Статутот да бидат присутни сите членови на Управниот одбор, наместо работна група, имајќи предвид дека седницата би била само за таа намена, на кој што начин сите членови на УО би можеле да ги кажат своите размислувања, по што Управниот одбор би излегол со еден квалитетен документ-како предлог изменување и дополнување на Статутот на Академијата.

За збор се јави кабинетскиот службеник од Министерството за правда на РСМ, Радица Лазаревска Геровска, која истакна дека би сакала да даде едно укажување по однос на номотехниката, согласно што укажа дека во пракса, доколку се менува повеќе од една третина од акт, се изготвува целосно нов акт. Посочи дека имајќи предвид дека предлог измените и дополнувањата на Статутот опфаќаат повеќе од една третина од основниот Статут, ќе биде потребно да се донесе нов Статут со што истиот би бил попрегледен како за донесување, така и за негова примена во идинина. Истакна дека се согласува дека оваа точка на дневен ред треба да се одложи на посебна седница, имајќи предвид дека истата бара повеќе време.

За збор се јави судија Али Алиу кој исто така се согласи со предлогот ова прашање да се разгледува на посебна седница, со изнесување на своето мислење дека смета дека подобро е да биде разгледано од страна на сите членови на Управниот одбор, како би можел секој член да даде свој непосреден присонес кон изработката на овој акт.

Претседателката на Врховниот суд на РСМ побара збор, по што укажа дека нема против Статутот да биде разгледан од страна на сите членови од УО и дека нејзиниот предлог да биде формирана работна група бил даден од причина што при донесувањето на секој акт треба да стои кој е предлагач на истиот.

За збор се јави јавниот обвинител Спасенка Андонова, која даде предлог однапред да биде определена динамика на работа при разгледувањето на Статутот, такашто даде предлог, да бидат одржани три седници на кои би се разгледувале по 20 члена на една седница. Укажа дека на тој начин, секој од членовите на Управниот одбор би знаел точно кои членови ќе бидат разгледани на седницата и би можел однапред да ги подготви своите укажувања по однос на истите.

На крајот на дискусијата, претседателот го стави на гласање предлогот на јавниот обвинител Спасенка Андонова, точка 3 да биде одложена за наредните седници на УО, на кои оваа точка би била единствена точка на дневен ред, по што истиот беше едногласно усвоен.

Наредна точка на дневен ред беше **точка четири** - Усвојување на Завршната сметка на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје, за 2024 година. Претседателот на Управниот одбор даде збор на Марика Горгиева, вработена во Академијата за судии и јавни обвинители, Раководител на Сектор за финансиски прашања и стратешко планирање, да даде воведно излагање по однос на оваа точка.

Марика Горгиева изнесе дека Академијата изготвува три завршни сметки – за буџетската сметка, за донаторската сметка и за сметката за сопствени приходи. Следно, укажа дека, средствата од сметката за сопствени приходи доколку не се во целост искористени на крајот на фискалната година, истите не се повлекуваат од страна на МФ, туку се префрлаат за наредната година како остаток за користење во 2025 година. Укажа дека во 2024 година на сметката за сопствени приходи биле остварени 166.659,00 денари па така дел од истите се користеле за тековни плаќања на обврски на Академијата.

Во однос на втората сметка на Академијата – донаторката сметка, вработената Марика Горгиева истакна дека во текот на 2024 година немало ниеден прилив од причина што во 2024 година немало реализација на ниту еден проект, но укажа дека од 2023 година како салдо на оваа сметка се преостанати 2.491,00 денари, имајќи предвид дека и од оваа сметка како и од сметката за сопствени приходи, се префрлаат неискористените средства на крајот на годината, за наредната година.

Во врска со третата сметка на Академијата – буџетската сметка, вработената Марика Горгиева истакна дека на истата за 2024 година Академијата имала

одобрен буџет во висина од 187.530.000,00 денари, од кои во месец септември 2024 година, со ребалансот на буџетот на Академијата и биле одземени средства од страна на Министерството за финансии, и тоа од ставката за плати и надоместоци за плати, поради останат вишок на средства. Посочи дека во текот на 2024 година, од оваа сметка Академијата реализирала 122.852.142,00 денари.

Со оглед на тоа дека немаше прашање и дискусија по однос на оваа точка, претседателот на Управниот одбор ја стави на гласање Завршната сметка на Академијата за судии и јавни обвинители за 2024 година и истата беше едногласно усвоена.

**Следната точка** на дневен ред беше Донесување на Годишен финансиски план на Академијата за судии и јавни обвинители за 2025 година. Претседателот на Управниот одбор даде збор на Марика Горгиева, вработена во Академијата за судии и јавни обвинители, Раководител на Сектор за финансиски прашања и стратешко планирање, да даде воведно излагање по однос на оваа точка.

Вработената Марика Горгиева укажа дека за 2025 година на Академијата за судии и јавни обвинители и е одобрен буџет со вкупен износ од 139.813.000,00, кои средства се распоредени на пооделни ставки согласно предлог буџетот кој Академијата го побара од Министерството за финансии на РСМ. Откако вработената даде образложение за намената на овие одобрени средства, претседателот на Управниот одбор го стави на гласање Годишниот финансиски план на Академијата за судии и јавни обвинители за 2025 година и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите присутни членови на УО.

**Шестата точка** на дневен ред беше утврдување на мандат на заменик член на Управниот одбор на Академијата. Претседателот на Управниот одбор истака дека имајќи превид дека заменикот член на УО, јавниот обвинител Деса Пауновска се повлече од членството во УО, по што истото беше констатирано на седница на Управниот одбор, на нејзино место од страна на Здружението на јавни обвинители, со Одлука од 04.02.2025 година, за заменик член на УО е номинирана јавниот обвинител Биљана Стефчева, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Радовиш. Управниот одбор го констатираше назначувањето на јавниот обвинител Биљана Стефчева, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Радовиш за заменик член во УО.

**Седмата точка** на дневен ред беше разгледување на барање за престанок на мандат на заменик член на Управниот одбор на Академијата. Претседателот на Управниот одбор истакна дека судијата Дитурие Елези Незири, судија во Управен суд на РСМ, до Академијата има поднесено поднесок, од 12.02.2025 година, со кој известува дека се повлекува од функцијата заменик член на Управниот одбор на

Академијата. Претседателот на Управниот одбор го констатираше престанокот на мандатот на судијата Дитурие Елези Незири како заменик член на Управниот одбор на Академијата и едногласно беше донесен следниот:

**ЗАКЛУЧОК:** да се извести Здружението на судии на РСМ во рок од 15 дена да изврши назначување на нов заменик член во Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

**Последната точка на дневен ред** беше точката Разно. Претседателот на Управниот одбор даде збор на директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски.

Директорката на Академијата истакна дека под точката Разно би сакала да до членовите на Управниот одбор да ја достави исплатната листа за надомест на членовите на Управниот одбор на Академијата за период 30.12.2024-30.01.2025 година.

За збор се јави претседателката на ВСРСМ, судија Беса Адеми, која го поздрави овој начин на евиденција на исплатата на надоместокот на членовите на Управниот одбор.

Директорката на Академијата укажа дека исто така под точката Разно доставува предлог План за дополнување на Планот на јавни набавки за 2025 година, со предвидување на набавка на стоки-компјутерска опрема, поточно набавка на преносни компјутери – лап топи, согласно потребите на Академијата и враз основа на одобрените 200.000,00 денари за оваа намена. Претседателот на Управниот одбор праша дали членовите на Управниот одбор имаат забелешки по однос на предложеното дополнување на Планот за јавни набавки и откако никој не се јави за збор, претседателот го стави на гласање предлог дополнувањето на планот за јавни набавки за 2025 година и истиот беше едногласно донесен.

Следно, под точката разно, беше разгледан допис од Андреја Весов – член на Комисија за ревизија на одржани испити, во кој самиот се повлекува од членството во Комисијата за ревизија на одржани испити поради лични причини. Беше констатиран престанокот на мандатот на членот Андреја Весов од Комисија за ревизија на одржани испити.

Исто така, под оваа точка на разгледување од Управниот одбор е доставен и допис од Министерството за правда на РСМ од 20.02.2025 година, со кој Министерството за правда ја известува Академијата дека ја повлекува номинацијата на Арбереша Селими за член во Програсмкиот совет на Академијата, бидејќи истата има промена на работното место од 13.02.2024 година и дека на

местото на членот Арбереша Селими, за член во Програмскиот совет на Академијата, Министерството за правда на РСМ го предлага Андреа Весов. Претседателот на Управниот одбор даде можност доколку некој од присутните бара збор за истото да се пријави. За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски, кој истакна дека читајќи го член 23 од ЗАСЈО, оваа ситуација ја препознава во став 1 алинеја 4 од горенаведениот член и тоа во делот престанок на функцијата во органот каде истата ја извршувал. Директорката на Академијата Ирина Трајкоска Стрезоски истакна дека во овој случај постои номинација и утврден мандат, дека смета дека најпрво треба да има одлука за престанок на мандат, па дури потоа да се врши назначување на нов член. На крајот, претседателот на Управниот одбор го стави на гласање предлогот Академијата да се обрати до Министерството за правда на РСМ со укажување за постапување согласно членот 23 од Законот за Академијаа за судии и јавни обвинители и едногласно беше донесен следниот:

**ЗАКЛУЧОК:** Академијата за судии и јавни обвинители да се обрати до Министерството за правда на РСМ со укажување за постапување согласно членот 23 од Законот за Академијаа за судии и јавни обвинители.

Следно под точката разно, директорката на Академијата ги извести членовите на Управниот одбор дека до Академијата на 19.02.2025 година е пристигната жалба против пресудата и решението на Управниот суд од 17.12.2024 година кои се однесуваат на Одлуката за избор на директор на Академијата, со прашање дали да биде поднесен одговор на жалба во законски утврдениот рок.

За збор се јави членот на ССРСМ Антоанета Димовска со укажување дека треба да се даде одговор на жалба. Претседателот на Управниот одбор го стави на гласање предлогот на членот на ССРСМ Антоанета Димовска да се поднесе одговор на жалба во законски утврдениот рок и истиот беше усвоен од страна на 8 членови на УО, со исклучок на членот Спасенка Андонова, која се иззема од гласањето имајќи предвид дека самата беше еден од кандидатите во постапката за избор на директор.

За збор се јави претседателката на ВСРСМ, судија Беса Адеми постави прашање до Академијата дали за исплатениот надоместок за членство во Управниот одбор Академијата исплаќа персонален данок, на што од страна на директорката на Академијата и службата на Академијата беше одговорено дека се исплаќа и за истото се доставуваат потврди секоја година. Дел од присутните потврдија дека такви потврди примиле и потврдиле прием. Претседателката на Врховниот суд на РСМ, замоли во тој случај повторно да и се достават потврдите за изминатите 3 години.

Директорката на Академијата истакна дека би сакала да го извести Управниот одбор во врска со текот на постапката за обезбедување на согласност за објава на оглас за избор на заменик директор во Академијата. Во таа насока директорката на Академијата укажа дека барањето за обезбедување финансиски средства е доставено до Судскиот буџетски совет на 02.01.2025 година. Судскиот буџетски совет го има разгледано истото на првата седница на СБС одржана на крајот на јануари 2025 година, по што истото е доставено до Министерството за финансии на РСМ. Директорката на Академијата истакна дека преку службата на Судскиот буџетски совет е известена дека во тој момент дописот е даден на потпис кај Министерот за финансии и дека веднаш штом ќе пристигне, доколку одговорот е позитивен, членовите на Управниот одбор ќе бидат известени, по што ќе биде потребно да се одржи седница на УО за утврдување на содржината на јавниот оглас.

Во однос на соработката со ERA, директорката на Академијата истакна дека добор би било ова прашање да остане уште некое време отворено имајќи предвид дека од ERA дозволиле 40 online обуки за кои има голем број на судии и обвинители кои се заинтересирани за учество.

Последно, директорката ги извести членовите на УО дека Академијата започна со објавување на записниците од седниците на УО, во ново поле на веб страна, отворено наменски за нив, а согласно Деловникот за работа на УО.

Со оглед на тоа дека сите точки беа исцрпени, претседателот на Управниот одбор ја затвори 230-та седница на Управниот одбор на Академијата.

Претседател на Управен одбор,
м-р Besnik Avdija

______________________

Записникот го изготви Ана Милчевска
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси